**ПОЕТСКА НОЌ ВО ВЕЛЕСТОВО**
с. Велестово б.б., 6000 Охрид, Македонија
tel. +389 75 444 910
e-mail: velestovopn@yahoo.com

**ОБЈАВЕНА Е ПРОГРАМАТА НА 37. ПОЕТСКА НОЌ ВО ВЕЛЕСТОВО**

На 37. Поетска ноќ во Велестово ќе настапат шеснаесет поети, музичари и уметници од шест држави (Ирска, Азербејџан, Хрватска, Романија, Бугарија и Македонија). Програмата ќе започне на 15 август во 21 часот во Велестово со поетски портрет на Андреј Ал-Асади, едно од водечките имиња во македонската современа поезија, по што ќе следува интернационаланото поетско читање „Имаго". Ќе биде отворена изложба на академскиот сликар Стефан Младеновски. Следните два дена ќе се одржат повеќе интернационални поетски читања на локации во Велестово и во Охрид.

**Програма**

**Петок, 15.8.2025 г.**
Локација: с. Велестово, сретсело.

**21:00 ч.: Кус музички концерт на Игор Климовски** (соло хармоника)

**21:20 ч.: „Поетски портрет на Андреј Ал-Асади"** – поетско читање и разговор воден од Јулијана Величковска.

**22:10 ч.: „Имаго" – поетско читање на гостите од странство:** Рошин Кели (Ирска), Фарид Хусеин (Азербејџан), Рената Јамбрешиќ Кирин (Хрватска), Мирослав Кирин (Хрватска), Поли Муканова (Бугарија) и Анисија Ангел (Романија).

**22:30 ч.: „Непредвидливи соочувања" – изложба на слики на Стефан Младеновски** во тремот на црквата „Успение на Пресвета Богородица" во с. Велестово.

**Сабота, 16.8.2025 г.**
Локација: тремот на црквата „Успение на Пресвета Богородица" во с. Велестово.

**19:00 ч. Промоција на стихозбирка од Мирослав Кирин (Хрватска)**

**20:00 ч. „Мозаик" – интернационално поетско читање**
Учесници: Поли Муканова (Бугарија), Рошин Кели (Ирска), Фарид Хусеин (Азербејџан), Анисија Ангел (Романија), Павлина Атанасова, Марија Ангеловска и Стефан Костоски (Македонија).

**Недела, 17.8.2025 г.**
Локација: кафе и бар ШИЛА, Охрид

**18:00 ч. Промоција на стихозбирка од Фарид Хусеин (Азербејџан)**

**19:00 ч. „Мозаик #2“ – интернационално поетско читање**
Учесници: Рената Јамбрешиќ Кирин (Хрватска), Мирослав Кирин (Хрватска), Лулзим Хазири, Емануела Ковачевска Китановска, Ивана Јовановска, Маја Мојсова и Андреј Ал-Асади (Македонија).

Од повеќе од 200 видови пеперуги во Македонија, дури 166 живеат во Националниот парк „Галичица“. Затоа, постерот за годинешното издание е посветен на пеперугите на Галичица. Да се потрудиме заедно да ги заштитиме и уште долго да уживаме во нивната убавина.

Автор на постерот е Андреј Павлов.

Фестивалот е овозможен од Министерството за култура и туризам, од Општина Охрид и од Комерцијална банка АД Скопје.